СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1261/2021

Дата: 09. 09. 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Маврово и Ростуше ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктурен објект за водоснабдување на село Скудриње, КО Скудриње, Општина Маврово и Ростуше.**
Должината на планскиот опфат изнесува 2,94 Ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y17821** се составен дел на Решението.
3. Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктурен објект за водоснабдување на село Скудриње, КО Скудриње, Општина Маврово и Ростуше, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Изградбата на водоснабдителниот систем за село Скудриње преставува реализација на плансиките определби во управувањето со води максимално користење на изворниците за вода и изградба на водостопански објекти со кој ќе се овозвожи поголем број на корисници да се снабдуваат со квалитетна вода
5. Согласно Студија за заштита на природно наследство, изработена за потребите на Просторнион план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на инфраструктурен објект за водоснабдување на село Скудриње, КО Скудриње, Општина Маврово и Ростуше, се наоѓа во граници на заштитен Национален парк Маврово
6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка за изградба на инфраструктурен објект за водоснабдување на село Скудриње, КО Скудриње, Општина Маврово и Ростуше, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на

заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на инфраструктурен објект за водоснабдување на село Скудриње, КО Скудриње, Општина Маврово и Ростуше задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Маврово и Ростуше, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 37051, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктурен објект за водоснабдување на село Скудриње, КО Скудриње, Општина Маврово и Ростуше.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктурен објект за водоснабдување на село Скудриње, КО Скудриње, Општина Маврово и Ростуше и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1261/2021 од 31.08.2021 година.

Услови за планирање на просторот **за изградба на инфраструктурен објект за водоснабдување на село Скудриње, КО Скудриње, Општина Маврово и Ростуше** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.